Су.бр.207/2010-4

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите чл.100 од Законот за јавни набавки Претседателот на Апелациониот суд во Штип Стојанче Рибарев, на ден 12.04.2010 год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За најповолен понудувач, носител на набавката за **ЛЦД проектор и безжичен микрофон**, по спроведената постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, **СЕ ИЗБИРА** понудувачот **КОНИКО ДОО од Скопје.**

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение Су.бр.207/2010 од 03.02.2010 год., е утврдена потребата за набавка за ЛЦД проектор и безжичен микрофон и истата да се изврши со барање за прибирање на понуди согласно чл.100 ст.1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Како критерум за избор за најповолен понудувач е определно да биде цената 80 бодови, рок на испорака 10 бодови и рок на плаќање 10 бодови.

Покана за доставување на понуди беше доставена до 3(тројца) економски оператори кои доставија понуди.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки достави до Претседателот на судот записник и извештај за евулација на понудите со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот КОНИКО ДООЕЛ од Скопје.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип од записникот и извештајот за евалуација на понудите поднесен од Комисијата за јавни набавки утврди дека понудувачот КОНИКО од Скопје има понудено најповолна понуда согласно критериумите дадени во барањето, односно понудувачот КОНИКО од Скопје има добиени вкупно 99,46 бодови, фокус компјутери од Штип 98 бодови, а Нова компјутери од Штип 95,36 бодови.

Ваквиот број на бодови е добиен поради следното: КОНИКО има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 75.084,50 ден. без ддв, а 88.600,00 ден со ддв, ФОКУС КОМПЈУТЕРИ има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 74.576,00 денари без ДДВ,а 88.000,00 ден. со ддв, а понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 91.000,00 ден. без ддв.

Поради тоа по критериум цена КОНИКО има добиено 79,46 бодови, ФОКУС КОМПЈУТЕРИ 80 бодови, НОВА КОМПЈУТЕРИ има добиено 77,36 бодови.

Во однос на критериумот Рок на испорака понудувачот ФОКУС КОМПЈУТЕРИ понудил 15 дена и има добиено 9 бодови, КОНИКО

понудил 10 дена и има добиено 10 бодови, а понудувачот НОВА КОМПЈУТЕРИ понудил 15 дена , за што добил 9 бодови.

За критериумот рок на плаќање Конико понудил 80 дена за што има добиено 10 бодови, а понудувачите Фокус компјутери и Нова компјутери понудиле 30 дена па по овој критериум добиле по 9 бодови.

Поради овие причини Претседателот на Апелациониот суд во Штип одлучи како најповолен понудувач, носител на набавката на ЛЦД проектор и безжичен микрофон да го избере понудувачот КОНИКО ДОО од Скопје.

Од погоре изнесените причини, а врз основа на чл.100 ст.1 алинеја 1 и чл.142 ст.5 и 6 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката на ова решение.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП – 12.04.2010 година.

Претседател на судот
Стојанче Рибарев с.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот економски оператор има право на жалба во рок од 3 дена по приемот на истото до Државната комисијата за жалби по Јавни набавки.